**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - СКОПЈЕ**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КАНДИДАТОТ ЗА ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

**за мандатниот период 2016 – 2020 година**


Подготвил

кандидат за Декан

Проф. д-р Димитар Ташковски


Скопје, 17 март 2016 год.

**С О Д Р Ж И Н А**


1. **ВОВЕД**
2. **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**
3. **АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ВРСКА СО СТОПАНСТВОТО**
4. **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**
5. **СТУДЕНТИ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**
6. **ПОЛИТИКА НА КВАЛИТЕТ**
7. **ИКТ ВО РАБОТАТА НА ФЕИТ**
8. **ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**
9. **ПРОСТОР И ОПРЕМА**
10. **ЗАКЛУЧОК**

# 1. ВОВЕД

Без сомнение ФЕИТ е една од водечките високообразовни институции во државата. Ваквата позиција е резултат на придонесот на голем број генерации на вработени кои го вложувале и го вложуваат својот личен, наставен и научен капацитет во развојот на Факултетот. Во целиот период на развојот на Факултетот направени се голем број процедури и поставени се стандарди за успешна работа во сите области на делување. Затоа, пред неколку години немавме никакви проблеми при имплеменатацијата на системот за управување со квалитет согласно ISO 9001:2008 стандардот. Воспоставените стандарди на работа континуирано се следат и се превземаат мерки за постојано подобрување.

Ваквиот однос кон работата заедно со успесите кои ги постигнуваме на речиси сите полиња придонесоа Факултетот да прерасне во своевиден бренд во високото образование со значајна позиција во општеството. Поради сето тоа, расте и заинтересираноста на матурантите за студиите од областа на електротехниката и информациските технологии, а нашите студенти кои дипломирале и магистрирале се признати и ценети во својата работна околина и на тој начин придонесуваат за угледот на Факултетот. Затоа и одговорноста на Деканот, Деканската управа и на сите вработени е голема, да ја одржиме и постојано подобруваме оваа стекната позиција.

Мислам дека во тековниот четиригодишен мандатен период Деканатот, чиј што член бев како продекан за финансии и соработка со стопанството, на чело со Деканот работеше посветено, квалитетно и транспарентно. Реализиравме доста проекти од сите области на делување на Факултетот, некои ги започнавме и се во фаза на имплементација, некои треба да се реализираат, а секако дека има простор и за нови иницијативи и проекти. Мојата идеја е да ја продолжиме оваа успешна политика на управување на Факултетот, да се корегираме каде е потребно, сè со цел да донесеме нови вредности.

Обезбедување на услови за квалитетна работа на вработените и студентите, услови за усовршување на кадарот, следење на квалитетот и превземање на мерки за негово постојано подобрување во сите три дејности, усогласување на наставните програми со развојот на новите технологии и потребите на стопанството, примена на информациско комуникациските алатки во наставата и работењето, се работи на кои секогаш се посветува внимание на ФЕИТ. Во таа насока ќе продолжиме и во наредниот мандатен период. Сепак мислам дека следните три цели треба бидат приоритетни во периодот кој ни следи и главниот акцент ќе биде поставен на реализирање на истите.

Во период кој следи ни претстои реакредитација на студиските програми на сите три циклуси на студии. Наша главна цел во следниот период ќе биде да ги лоцираме досегашните евентуални слабости, да направиме обид да ги надминеме истите, а истовремено и да извршиме хармонизација на студиските програми со европските студиски програми, секако во согласнот со нашата законска регулатива. Ова е битно ако сакаме дополнително да го подигнеме нивото на образовната дејност и да ја зголемиме меѓународната соработка и мобилноста на кадарот и студентите.

Користејќи ги придобивките на нашиот висок квалитет и постигнати резултати во научно-истражувачката дејност, генерирањето на иновативни проекти ќе биде уште една стратешка цел. Ќе направиме напор истите да ги интегрираме со студиските програми на магистерски и докторски студии.

Развивањето на дополнителни вештини и знаења кај студентите, со акцент на нивната практична настава како и поврзувањето со стопанството, односно општеството во целина, се уште една цел на која ќе обрнеме посебно внимание во следниот четиригодишен период.

Значи, соодветен баланс помеѓу наставната дејност и практичната настава, иновативните истражувања и врската со општеството се основната водилка на оваа програма за работа на кандидатот за Декан. Моите идеи за остварување на овие приоритети како и за останатите прашања поврзани со работата на Факултетот во наредниот мандатен период се дадени во продолжение на ова програма. Тука сакам да истакнам дека при раководењето со Факултетот во целост ќе ја почитувам академската слобода на вработените, ќе ги почитувам различните мислења и ќе го потикнувам развојот на секој поединец, ставајќи ги секогаш во прв ред интересите на Факултетот. Како и во моето досегашно работење, основни принципи во работата ќе бидат одговорност, траспарентност и објективност.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 2.1 Уписна политика

Ќе продолжиме да ја спроведуваме уписната политика од претходните години. Бројката од 350 запишани студенти кои се распоредени речиси подеднакво на сите студиски програми е одличен предуслов за ефикасно студирање и одржлив развој на наставните области што се негуваат на Факултетот, а тоа пак е добра основа за рамномерен развој на сите институти.

Репутацијата на ФЕИТ и на студиските програми е на одлично ниво. Држиме едно од водечките места на факултети на кои сакаат да се запишат матурантите што резултира со упис на речиси најдобрите ученици. Ова главно се должи на нашиот квалитет и нашите постојани напори за подобрување. Наша цел ќе биде задржување на овој број на новозапишани студенти, но при тоа акцент ќе биде ставен на привлекување на најдобрите матуранти кои сигурно ќе го подигнат реномето на Факултетот. Несомнено е дека за висококвалитетен образовен и научно истражувачки процес, покрај квалитетен кадар потребни се и квалитетни студенти.

Во таа насока, ќе се продолжи со ненаметлив маркетинг со зголемено учество на Деканатот, професорите и студентите на јавните медиуми со цел да ги истакнуваме нашите успеси што секако влијае на нашиот рејтинг во општеството, а со тоа и на идните студенти. Ќе продолжиме да ги споделуваме со целата македонска јавност успесите на студентите и вработените, добиените и реализирани проекти на вработените, промоција на конференциите и настаните кои ги организира Факултетот, во прв ред Робомак, СКЕЕОР, школата за вградени микрокомпјутерски системи кои веќе се препознатливи како факултетски бренд. Активностите за промоција на веќе воспоставените стипендии како и ново

договорените стипендии, исто така ќе се искористат за привлекување на најдобрите студенти.

Ќе продолжиме со активно и засилено учество на “Отворен ден на УКИМ”, ќе продолжиме со организација на нашиот отворен ден, но треба да го зголемиме и нашето учество на јавни работилници и настани од областа на електротехниката и информациските технологии.

Наместо класичните посети и промоции во средните училишта кои во последните години наидуваат на отпор кај училиштата (главно поради големиот број на факултети кои сакаат да се претстават), ќе воведеме научно-популарни предавања на наставниците и соработниците во средните училишта кои ќе ги искористиме и за промоција на студиските програми, а со цел привлекување на најдобрите ученици да студираат на ФЕИТ. Ќе воспоставиме партнерски однос со средните училишта главно преку поддршка на нивните манифестации од нашата област, помош при изработка на одредени нивни проекти и слично.

Во процесот на следење на квалитетот на наставата посебно внимание ќе се посвети на процесот на студирањето на новозапишаните студенти. Во последните години очегледно е големо испишување на студенти. Во рамките на процедурите на системот за квалитет на наставата ќе треба да се испитаат главните причини за оваа појава. Лично мислам дека тоа е поврзано со законските решенија за упис на матурантите каде се вреднуваат резултатите од матурата, а голем дел од матурантите се со слаби предзнаења од средношколска математика. Многу подобро би било кога би се вратиле на стариот ситем со приемни испити. Доколку ваквиот начин на упис не се смени со новиот закон, ќе мора да превземеме одредени мерки за надминување на овој проблем. Како едно можно решение, при дефинирање на новите студиски програми е воведување на дополнителен курс по математика во кој ќе бидат покриени неопходните делови од средношколска математика, а кои се потребни за следење на наставата по останатите предмети.

Исто така, ќе превземеме активности за повторна имплементација на системот на тутори/ментори, со цел да се доближиме повеќе до студентите, да ја поттикнеме нивната комуникација со наставниот и соработничкиот кадар, и да ја зголемиме нивната верба во Факултетот, но и да им помогнеме во преминот од средно училиште на факултет, а подоцна и во изборот на изборните предмети. Искуствата од факултетите во регионот покажуваат дека овој систем на тутори дава задоволителни резултати.

Сегашната ситуација во која имаме по еден до два асистенти на предметите од прва и втора година, кои имаат голем број студенти е проследена со тешкотии. Големиот број на студенти претставува огромен напор за асистентите, а студентите не добиваат соодветно внимание и имаат потешкотии при преминот од средно училиште на факултет. Потикнати од тоа дека “студентите најдобро учат од студенти”, ќе се ангажираат по неколку студенти демонстратори кои ќе држат дополнителни вежби и консултации за домашни работи, со цел да им се помогне на студентите на кои им треба дополнителна помош. За студентите демонстратори ова ќе претставува шанса за лично надградување со дополнително знаење и вештини. Истите ќе бидат и потенцијални кандидати за учество на Електријади.

## 2.2 Учебни помагала

Политиката со издавање на учебници која значително се интензивира во тековната академска година ќе продолжиме да ја спроведуваме и понатаму. Факултетот со сопствени средства ќе ги издава сите учебници наменети за студентите, при што ќе се исплаќаат хонорари на авторите и рецензентите согласно Правилникот на УКИМ за издавачка дејност. Овие учебници ќе се продаваат по цени кои се споредливи со цените за копирање на истите. Дополнително, за студентите кои немаат можност да ги набават овие учебници, ќе обезбедиме одреден број од секое издание во библиотеката на Факултетот. Но, ќе бидеме ригорозни кон сите оние кои ги кршат авторските права и ги копираат изданијата на Факултетот. Знаеме дека пишувањето на учебник не е едноставно, бара напор и време и финансиски не е доволно атрактивно, но вреди да се потрудиме со цел нашите студенти да учат од квалитетни учебници и учебни помагала.

## 2.3 Студиски програми

Претстои процес на реакредитација на студиските програми на додипломски студии. На мислење сум дека се потребни изесни промени во тековните студиски програми со цел целосна хармонизација на истите со европските студиски програми, а во согласност со нашата законска регулатива и секако нашата традиција и расположивиот кадар.

Без сомнение, клучен елемент за ефикасни студиски програми е добриот однос помеѓу бројот на студенти и академискиот кадар. Свесни сме за намалувањето на наставниот кадар во последните неколку години (пензионирање, и напуштање на работата на неколку асистенти) како и за неможноста за соодветна замена на истите. Односот на студенти/наставник на нашиот факултет изнесува околу 25. За споредба просекот во ОЕЦД земјите е 14,9 а во Европската унија просекот е 15,5. Од овие причини потребно е рационално користење на кадарот со цел да добиеме уште поквалитетен едукативен процес.

Недвосмислена е потребата за поширока и разновидна понуда на предмети за студентите, но исто така треба да ја имаме во предвид и ситуацијата со оптовареноста на наставниот кадар. Голем дел од наставниците имаат повеќе од 10 часови неделно со два до три предмети по семестар (европска пракса е еден до два). Ова води до големо оптоварување, особено во ситуација кога е потребно да се воведуваат нови форми на настава (настава ориентирана кон студентот) за поквалитетно образование и остава малку простор за другите дејности (научно-истражувачката и апликативната). Големата оптовареност е особено изразена кај соработничкиот кадар, кој работи со голем број студенти. Често пати ова влијае демотивирачки на нив, дел од нив каснат со своите докторски студии, а дел и го напуштаат Факултетот. За да се надминат овие проблеми, ќе направиме и соодветни промени на одлуката за плати, сè со цел платата да се обезбеди со помал број на наставни предмети и часови.

На мислење сум дека со големо внимание треба да пристапиме при реакредитација на студиските програми и при дефинирање на предметните содржини. Со новите студиски програми треба да ги почитуваме европските стандарди и директиви за формирање на квалитетни студиски програми. Според

истите, студентите треба да стекнат базични и општообразовни знаења од областа на електротехниката и информациските технологии со кои многу лесно можат да ги следат новите технолошки промени. Во таа насока ќе се дефинира знаењето што треба секој дипломиран студент на нашиот факултет да го добие од основните предмети согласно меѓународните препораки. Анализата на неколку факултети во регионот (некои од нив имаат и меѓународни акредитации, на пример според ASIIN), покажува дека општообразовните и базичните предмети земаат значителен процент од целата студиска програма. На мислење сум дека се потребни мали промени за целосно усогласување со европските студиски програми. Со претходните студиски програми го промовиравме концептот “3 од 6” за кој ќе се залагам да премине во “6 од 6”. Со тоа студентите ќе се стекнат со основните знаења од областа на електротехниката и информациските технологии, а новите технологии ќе бидат вклучени преку изборните предмети. Истите треба да бидат дефинирани меѓу другото и во согласност со потребите на стопанството.

Покрај усогласување со европските и светските студиски програми, со ваквиот пристап ќе елиминираме и одредени негативни ефекти од претходните студиски програми, како: повторување на одреден материјал во неколку предмети, информативно наместо суштинско презентирање на базични концепти, можноста да се дипломира без совладување на одредени базични концепти од областа на електротехниката и информациските технологии. Неусогласеноста на студиските програми има негативно влијание и на организирање на наставата и посебно на мобилноста на студентите, поради која неусогласеност голем број мобилности не можат да се реализираат.

При дефинирање на новите студиски програми еден од приоритетите ќе биде пристапот на настава ориентирана спрема студентот: програма во која студентите ги разбираат концептите и решаваат проблеми, формулираат прашања, одговараат на прашања, дискутираат, работат во тимови со зголемена интеракција. Достапноста на кадарот и активната работа ќе им овозможи на студентите поголема мотивација и полесно да напредуваат во текот на студиите. Оваа мотивација ќе се зголеми со нивно поголемо вклучување во проекти и истражувачка работа. Сето ова се очекува да резултира на зголемувањето на присутноста на студентите на часовите и на проодноста. Дополнително, студентите ќе се оспособат за работа на европскиот пазар на труд, да формираат свои бизниси, или да продолжат со научно-истражувачка работа.

Во таа насока би сакал да ја разгледаме потребата од лабораториски вежби по речиси секој предмет, за кои не сум потполно убеден дека ги даваат очекуваните резултати. Наместо лабораториски вежби на кои студентите најчесто доаѓаат неподготвени и најголемиот дел од нив се пасивни за време на изведување на истите, да се обидеме да ги натераме студентите да поминуваат активно што повеќе време во факултетските лаборатории каде би работеле тимски на проектни задачи со цел да стекнат дополнителни вештини и знаење потребни за пазарот на трудот. Предлагам да се воведе задолжителен предмет Студентски проект каде студентите работејќи во тимови ќе ги поттикнеме за критично размислување и креативност, ќе ги подобрат комуникациските способности, ќе се оспособат за тимска работа и ќе создадат навики за самостојно образование и усовршување, а ќе добијат и нови знаења и истражувачки вештини. Ваквиот пристап ќе бара и поголема

ангажираност од вработените, но мислам дека ефектите кои би ги добиле би биле големи, како за студентите така и за Факултетот. Финансиските средства за оваа намена ќе се обезбедат од средствата на Фондот за магистерски работи кој ќе се преименува во Фонд за студентски проекти. Ќе организираме научни денови, каде студентите би ги презентирале резултатите од овие проекти, а ќе се воведат и награди за најдобрите проекти. Оваа активност секако дека ќе ја искористиме и за промоција на Факултетот пред средношколците.

Ќе се продолжи со проценка на системот за успешност на студирање, да се следи вкупното траење на студиите, проодноста по поедини предмети и на студиски програми, сѐ со цел постојано подобрување на студиските програми.

Подобрување на магистерските студии ќе биде исто така наш приоритет. Мислам дека бројот на студиски програми треба да биде сразмерен на бројот на запишани студенти. Ако иземеме две до три студиски програми, произлегува дека во последните неколку години имаме во просек по два студента на студиска програма, со што се поставува прашање за нивната атрактивност и ефикасност. Бидејќи речиси сите се организираат менторски, мотивацијата кај студентите брзо опаѓа, и времето на студирање се зголемува. Во наредниот период ќе се анализира целиот концепт на студиските програми, и соодветно на интересот на студентите и потребите на стопанството ќе се дефинираат и студиските програми. Акцент ќе се стави на интердисциплинарни студиски програми. Редовната настава комбинирана со реални апликативни и/или научно-истражувачки проекти секако дека ќе влијаат на подигање на нивото на студиите и зголемување на бројот на студенти.

Дополнително, покрај потребата за редефинирање на студиските програми мора да направиме напор да привлечеме што поголем број од тековни студенти кои ги завршуваат студиите да се запишат на магистерски студии. Наша цел на почетокот ќе биде да привлечеме околу 30% од завршените студенти. Со цел поттикнување на научно истражувачката работа на најдобрите дипломирани студенти кои завршиле на ФЕИТ, предлагам финансирање на два проекти од сопствени средства секоја година. Средствата ќе се користат за покривање на школарината на двајца студенти запишани на магистерски студии по проект (вкупно четири стипендии). За доделување на овие средства за проекти главни критериуми би биле референците на главите истражувачи во последните неколку години, мултидисциплинарноста на проектот и успехот на додипломски студии на студентите.

Исто така, ќе направиме контакти со компаниите да ги потикнеме да стипендираат студенти на магистерски студии, кои и не мора да се нивни вработени, а магистерските трудови да бидат од областа на нивното работење.

Согласно нашата цел да ја зајакнеме научно-истражувачката дејност посебно внимание треба да посветиме и на докторските студии. Истите претставуваат институционална средина за обука на нашите идни колеги, но и база за нашата научно-истражувачка дејност. Затоа, ќе се мотивираат колегите да аплицираат за научни проекти, но и за дисеминација на резултатите од истражувањата во меѓународни публикации и реномирани конференции.

Со цел зголемување на меѓународната препознатливост на нашите студии и зголемување на мобилноста на наставниците и студентите потребен ни е поголем

контакт со сродни институции од Европа и светот. Во таа насока ќе се обидеме да ги искористиме европските програми кои се на располагање (Ерасмус +, CEEPUS) да креираме заеднички студии (главно магистерски и докторски) на англиски јазик со партнерски институции од странство.

## 3. АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ВРСКА СО СТОПАНСТВОТО

Факултетот има воспоставено повеќедецениска соработка со компаниите во Р.Македонија во областа на електротехниката и информациските технологии, и активно учествувал во изработка на студии и проекти, како и при тестирање на нова опрема и изведување на редовните испитувања на опремата во најзначајните компании во нашата земја.

Ќе се залагам за зајакнување на врската со стопанството за која мислам дека не е на задоволително ниво, пред сè поради заминување на поголем број професори во пензија, поради зголемената активност на наставниците во наставната дејност, но и поради економската состојба во државата и неповолната законска регулатива за нас.

Од овие причини во последните неколку години апликативната дејност се изведуваше главно преку стандардни мерења и периодични испитувања на електроенергетската опрема, експертизи, мислења и сл. Евидентно е дека мал број на вработени се вклучени во оваа дејност. Мислам дека имаме поголем потенцијал кој треба да го искористиме максимално ако сакаме успешен развој. Контактите со компаниите покажуваат дека истите имаат реални потреби за кои може да понудиме поквалитетни и поконкурентни решенија од било кого во државата. Останува да ги убедиме дека воведувањето на новите технологии во голема мера ќе им ја зголеми продуктивноста и дека вложувањето во истата брзо ќе се врати. Но, за тоа е потребно поголемо наше присуство во индустријата. Дополнително, мислам дека и во овој дел треба да настапуваме тимски бидејќи голем број од проблемите се интердисциплинарни. Во тековниот мандат преку неколку проекти покажавме дека можеме да работиме тимски и да постигнуваме поголеми резултати.

Во контактите со компаниите ќе се обидеме да понудиме различни облици на соработка, како на пример јавно-приватно партнерство, работа на развојни и/или истражувачки проекти, организирање на настани, работилници, обуки и сл.

Ќе се залагам за зголемување на обемот на делување на Инспекциското тело (ИТ) преку акредитација на нови постапки, што ќе донесат дополнителна работа, но и ќе влијаат на подигање на реномето на Факултетот и ќе го зголемат нашето присуство во индустријата, што преставува можност и за изнаоѓање на нови работи и проекти. Акредитацијата на лабораторијата за калибрација на мерна инструментација ќе придонесе за поедноставување на процесот на акредитација и на други лаборатории, бидејќи сега голем дел од мерната опрема може да се калибрира во оваа лабораторија. Се очекува во наредниот период оваа акредитација да придонесе за зголемување на соработката и со компаниите, бидејќи калибрацијата на голем дел од нивната мерна опрема може да се изведува на Факултетот.

Во наредниот период ќе ги вложиме сите напори за зајакнување на капацитетите на ИТ во делот за електромагнетна компатибилност, испитување на нисконапонски уреди, акустика, мерење на бучава, и др., бидејќи постојат соодветни Правилници со кои се регулираат овие области. Акредитацијата во овие области ќе придонесе за зголемување на обемот на работа во делот на апликативната дејност. Исто така, ќе ги подржиме сите идеи со кои може да се зајакнат капацитетите на ИТ и да се прошири неговата дејност и во други области.

Во периодот кој следи, ќе ја започнеме постапката за акредитација на Лабораторијата за електромагнетно зрачење, при институтот за ЕТЕЗЕС, според ISO 17025:2006 стандардот. Согласно Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на физички агенси (електромагнетни полиња), потребни се мерењата на електромагнетни полиња на ниски фреквенции. За овие мерења имаме и опрема и обучен кадар.

Активна соработка со државните агенции (Агенција за енергетика, Регулаторна комисија за енергетика, Агенција за електронски комуникации) во подготовка на определени правилници, како и изработка на студии за нивни потреби. Соработката со овие агенции, ќе придонесе Факултетот да биде дел од тековните процеси во државата, и на тој начин да даде придонес во развојот на областите што ги покриваат.

Ќе се зајакнат односите со професионалните здруженија во кои членуваат поголем дел од нашите наставници и соработници, како и со компаниите со кои имаме одредена соработка со цел организирање курсеви и дообуки за нивните членови односно вработени. Во овој дел ќе се залагам за имплементирање на концептот за доживотно учење на нашиот факултет. Во таа насока, ќе се формира Центар за доживотно учење кој ќе го води целиот процес, од дефинирање на обуките до акредитација на истите кај соодветните државни органи.

## 4. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Истражувањето е дел од нашите академски активности и е главна алатка за видливост на ФЕИТ на интернационално ниво. И покрај тоа што ФЕИТ постигнува значителни резултати во овој домен, мерено преку бројот на проекти и бројот на издадени значајни публикации, па и бројот на наградите кои ги добиваме, преовладува мислењето дека може да се постигнат поголеми резултати и во овој дел.

За таа цел, во периодот 2016-2020 посебно внимание ќе се посвети на научно-истражувачката дејност. Како глава мерка која би дала извесен придонес во дополнително подигање на нивото на научно-истражувачката работа би била следната: минимум 20 % од средствата (околу 4.000.000,00 денари) кои се добиваат од партиципација на студентите ќе се поделат, на почетокот на секоја календарска година на институтите за изведување на научно-истражувачка работа. За распределба на истите ќе се дефинираат соодветни критериуми. Овие средства ќе можат да се користат за публикација на трудови во списанија, котизации и учество на конференции, купување на научно-истражувачка опрема, ангажирање на млади истражувачи и слично.

Сакам да нагласам дека Правилникот за стручно усовршување со мали промени ќе важи и понатаму. Предлагам асистентите докторанти да бидат ослободени од партиципација за школарина. За стимулација на младите колеги за учество на значајни настани, конференции како и за посета на универзитети за остварување соработка ќе се оделат одредени средства.

Меѓународната соработка ќе претставува главна стратешка цел во делот на научно-истражувачката работа, а сè со цел поголема интеграција со европските конзорциуми преку заеднички проекти со научно-истражувачки субјекти (универзитети и компании) во Европа и светот. Бидејќи средствата за научно-истражувачка работа на национално ниво се сведени на минимум во последните неколку години, а сопствените средства не се доволни, меѓународните проекти се наметнуваат како единствен излез за квалитетна истражувачка работа. Работна група формирана од продеканот за наука и меѓународна соработка ќе работи контунуирано на лоцирање на сите програми на кои може да се аплицира, ќе организира информативни денови и ќе ги помагаат колегите, поготово помладите да подготвуваат апликации. Добиените проекти ќе придонесат за привлекување на најдобрите студенти за истражувачка работа, времени вработувања на магистранти и докторанти.

Во овој дел сакам да напоменам дека поради сè поголемата мултидисциплинарност на технологиите кои се развиваат неопходна е поголема соработка помеѓу кадарот внатре во институтите, помеѓу институтите, но и со други истражувачки групи во државата. За стимулирање на оваа соработка предлагам при доделување на проектите за магистерски студии еден од критериумите да биде мултидисциплинарноста на тимот.

Исто така истражувачките активности во соработката со стопанските субјекти ќе бидат подржани како можен извор на финансирање. Трансфер на технологии со стопанските субјекти, воспоставување на спиноф и стартап компании, бизнис инкубатори се стратешка цел.

За научно-истражувачката работа на вработените ќе се креира база на научни трудови и книги, проекти, учества на конференции и ќе се издава годишен извештај за научната работа на Факултетот. На овој начин планираме да ја зголемиме видливоста на нашата истражувачка работа.

Ќе настојувам уште повеќе да се подигне нивото на докторските тези со дефинирање на наши сопствени критериуми поврзани со публикации на резултатите од докторската теза, неопходни за прифаќање на тезата.

### 4.1 Мобилност на кадарот

На мислење сум дека мобилноста на кадарот генерално е мала, главно поради нашата голема оптовареност во наставната дејност, но и малата информираност и мотивираност (мали стипендии). Речиси никој и да не користи сабатна година, повторно од финансиски причини и преоптеретеност, за што би трпела главно наставната дејност.

Верувам дека подобро информирање на кадарот за можностите за мобилност, планирање на истите поготово за младиот кадар, и нивна замена за

време на отсуството, може да придонесе за зголемување на мобилноста. Престојот на странски универзитети помага во стекнување на нови знаења и искуства, младите колеги можат да се фокусираат на истражување и да ги подобрат комуникациските вештини во мултикултурни средини. Со тоа би почнале да градат успешна кариера, а со знаењето и искуството кое ќе го добијат во странство можат да влијаат на подобрување на нашиот образовен процес и научно-истажувачка работа. Дополнително, резултатите од истражувањата за време на овие престои можат да ги применат во своите докторати или доколку се докторирани можат заедно со колегите од странство да пријавуваат научно-истражувачки проекти.

## 5. СТУДЕНТИ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

Активно вклучување на студентите во сите области на делување на ФЕИТ е една од основните наши цели. Развиениот партнерски однос на Управата на Факултетот и студентските организации, кој се темели на заемно почитување и двонасочна комуникација и понатаму ќе се развива и усовршува. Посебно сакам да ја истакнам соработката со студентскиот парламент на ФЕИТ (СПФЕИТ). СПФЕИТ учествува во речиси сите активности на Факултетот. Посебно треба да се истакне нивната активна улога во реализација на Отворениот ден, Робомак, Центарот за нови студенти, промоција на дипломирани студенти, работата во студентска служба и друго. Исто така, активностите кои сами ги организираат Саемот за вработување - Контакт, бруцошката забава, курсевите и обуките се од големо значење како за студентите така и за афирмација на Факултетот. За продлабочување на ваквата соработка планираме минимум еден состанок месечно со преставниците на СПФЕИТ, каде ќе се разгледуваат отворени прашања и ќе бидат организирани заеднички активности. Заложба ќе биде поорганизирно да се планираат проектните активности.

Активностите на останатите студентски организации кои делуваат на ФЕИТ (IAESTE, EESTEC, BEST, студентски огранок на IEEE) придонесуваат за поголема афирмација на Факултетот, и секако учество на студентите во поголем број на проекти. Од тие прични ќе продолжиме да ја подржуваме секоја нивна добра иницијатива или проект. Исто така, ќе продолжиме да ја одржуваме и подобруваме инфраструктурата и условите за работа на СПФЕИТ и на останатите студентски организации.

На крајот на секоја година, студентските организации ќе изработуваат план за активности за наредната година. Врз основа на планот ќе се реализираат и нивните проекти.

Центарот за кариера, кој е еден од најактивните на УКИМ, е наменет за нашите сегашни и идни студенти, но и за дипломираните студенти. Активностите на центарот (центар за нови студенти, мобилност, пракси, семинари и работилници за усовршување на студентите, алумни организација и др) ќе се поддржуваат и понатаму. Овде би сакал да се задржам на програмата за пракси, како битен елемент во процесот на студирање и подготвување на студентите за пазарот на трудот. Големиот број на меморандуми за соработка кои се потпишани со компаниите се реализираа главно преку програмата за пракси. Дојдовме до ниво кога голем број компании сами нудат пракси за нашите студенти. Ние од наша

страна исто така ќе настојуваме да ги зголемиме можностите за пракси за нашите студенти со посетување на компаниите и потпишување на договори за соработка. Праксите континуирано се објавуваат на нашата веб страница, центарот за кариера и на социјалните мрежи. Интересот на студентите за понудените пракси е голем. Планираме да го продолжиме и развиваме овој концепт на помош при изнаоѓање на пракси за нашите студенти. Во наредниот период, главен акцент ќе се стави на развој на информациски систем со чија помош планираме целосно да ја реализираме почетната идеја: имплементација на берза на пракси.

Факултетот нуди различни сервиси на поддршка за студентите и се превземаат мерки истите постојано да ги подобрува, но и да воведува нови. Ова поготово што добрите услови за работа на студентите влијаат на нивните резултати. Поддршката на работата и активностите на студентите ќе продолжи, но исто така истата ќе се проширува секаде каде што е тоа можно. Постојано ќе се работи на подобрување на просторните, материјалните, информациските и другите услови за работа на сите студенти. Во таа насока, ќе продолжиме со реализација на идејата за комплетно реновирање на предавалните и лабораториите и нивно опремување со соодветна информатичко комуникациско опрема со што ќе се обезбедат најсовремени услови за настава.

При изнајмување на просториите (апарати за кафе, копирница), Факултетот секогаш внимава за интересите на студентите. Исто така, посебно ќе се внимава при процедурата за изнајмување на студентското бифе. Основната идеја ќе биде да се креира модерно бифе со самопослужување на топла храна со прифатливи цени за студентскиот стандард. Се надевам дека голем број на студенти ќе имаат барем еден оброк таму.

Планираме да го оплемениме просторот во паркот спрема технолошко-металуршки факултет со поставување на соодветна урбана опрема, каде студентите и вработените, наместо пред влезовите на факултетот, ќе можат да поминуваат пријатни моменти во време на паузите.

Ќе ги подржиме сите стручни, културни и спортски активности на студентите на ФЕИТ. Посебен акцент ќе биде ставен на одржување и подигање на нивото на студентската конференција СКЕЕОР. Со оглед на фактот дека на ФЕИТ одсекогаш студирале студенти кои се активни спортисти ќе се залагаме за поголема подршка на студентските екипи на ФЕИТ кои сигурно можат да бидат амбасадори за Факултетот. Доколку студентите се решат за организирање на културни настани истите ќе бидат поддржани. Исто така, ќе обезбедиме финансиска помош за сите студенти кои го претставуваат Факултетот за разни научни, стручни, спортски и културни натпревари и манифестации. Ќе се потикне учеството на студентите со трудови на поголем број студентски конференции, со покривање на трошоците за учество.

Планирам да се воведе програма волонтери на ФЕИТ. Во рамките на оваа програма студентите (првенствено од социјално ранливите категории) ќе можат да помагаат во одредени работи на Факултетот (студентска служба, центар за кариера, канцеларија за апликации, канцеларија за квалитет), а за сметка на таа работа ќе им се покрие дел од партиципацијата.

Воспоставениот систем на награди за студентите со најдобар просек на студирање по години ќе продолжи да се применува и понатаму. Дополнително, ќе бараме начини, во прв ред со компаниите со кои имаме соработка, за зголемување на бројот на награди за студентите кои освоиле значајни резултати на домашни и меѓународни натпревари, конференции итн. При одбележување на денот на Факултетот, посебно внимание ќе им се посвети и на наградените студенти во тековната година.

### 5.1 Мобилност на студентите

Со имплементацијата на Болонскиот процес, мобилноста на студентите стана составен дел на процесот на високо образование. Преку мобилноста студентите можат да ги зголемат своите компетенции, а истата овозможува и работа во повеќе културна средина, што е значајно искуство за нивниот понатамошен развој. Цел на Европската Унија е да се постигне мобилност од 20%, односно секој петти студент да помине еден семестар на друга високообразовна институција. Во претходниот период Факултетот, преку центарот за кариера, им понуди на студентите одреден број мобилности. Интересот на студентите е на завидно ниво, но истите се соочуваат со одредени препреки при реализација на мобилноста, главно поради неусогласеноста на студиските програми. Хармонизацијата на студиските програми со европските би го решиле овој проблем и ќе овозможи поголем број студенти да остварат мобилност.

Исто така, во наредниот период ќе се обидеме да ги зголемиме можностите за мобилност на студентите. Главен акцент ќе биде ставен на Еразмус + програмата. За таа цел ќе се зголемат информативните денови и денови на меѓународна соработка за размена на искуство со студентите кои веќе оствариле мобилност. Ќе настојуваме да ги зголемиме билатералните Еразмус договори. За таа цел ќе биде потребно сите ние да ги искористиме нашите партнери од странство со кои соработуваме за потпишување на договори. Исто така ќе ја потикнуваме и мобилноста во рамките на меѓународни и билатерални проекти и договори за соработка, како и преку CEEPUS програмата.

## 6. ПОЛИТИКА НА КВАЛИТЕТ

ФЕИТ е прв факултет во државата кој го има имплементирано системот за управување со квалитет (СУК) во сите области на делување, согласно ISO 9001:2008 стандардот. Дефинирани се, усвоени и имплементирани процеси, процедури и механизми за планирање, менаџмент и евалуација на квалитетот во сите области на делување: настава, научно-истражувачка работа, апликативна дејност, како и во процесот на административно работење. Секоја година се дефинираат нови процедури, а постојните се надоградуваат односно подобруваат. Ова претставува динамичен процес бидејќи законските решенија се менуваат и процедурите треба постојано да се усогласуваат и подобруваат.

Останува потреба за комплетирање на административните и менаџерските инструменти за следење на квалитетот на сите наши дејности. Главното следење се изведува во рамките на процесот на самоевалуација. Она што е битно во процесот на контрола на квалитетот е по извршената самоевалуација да се подготви акциски

план кој содржи корективни мерки и да се следи нивната имплементација. За поголема транспарентност, но и како мерка за самоконтрола, ќе правиме детална анализа на акцискиот план од претходниот самоевалуациски извештај во тековниот самоевалуациски извештај.

Процесот на евалуација на квалитетот во извршување на нашите активности не е едноставен и бара одреден ангажман на секој од нас посебно, како на носителите на СУК така и на вработените. Сите сме оптоварени со голем број обврски, но само со постојаното следење на нашата работа, воочувањето на слабостите и нивното корегирање може да стигнеме до уште поголем квалитет во сите дејности на делување. Со цел да го олесниме процесот на следење на нашите активности, ќе предложиме и развиеме информациски систем за собирање и мониторирање на податоците, врз основа на кои ќе се развијат алатки за обработка на податоците и анализа на резултатите.

Мислам дека усвоениот концепт за евалуација на наставниот процес е одличен почеток за анализа на квалитетот на настава и наставниот кадар и на администрацијата. Процесот постојано ќе се следи и унапредува со нови анализи и индикатори и со превземање на соодветни корективни мерки. За ова, секако дека се потребни дополнителни човечки капацитети. Со обезбедување на истите и со развивање на информацискиот систем ќе се врши следење и на останатите активности, првенствено:

- Евалуацијата на работодавачите кај кои нашите студенти обавуваат пракса ќе даде слика за квалитетот на нашите студенти, а со тоа и на нас како факултет, што ќе биде можност за наше континуирано подобрување.
- Повратни информации од работодавачите за студентите кои дипломирале, за квалитетот на нашите студенти. Согласно горeспоменатиот концепт ќе се воведе регистар на студенти кои дипломирале, но исто така потребна е и поголема комуникација со работодавачите.
- Евалуација на компаниите кои се корисници на нашите услуги, главно преку Инспекциското тело и акредитираните лаборатории, со цел да го подобриме квалитет на услугите кои ги даваме на стопанството,

Воспоставените системи ISO 9001:2008, ISO 17020:2012 и ISO 17025:2006 ќе се одржуваат и надградуваат.

## 7. ИКТ ВО РАБОТАТА НА ФЕИТ

За високо квалитетен образовен процес неопходна е подршка од информациско комуникациските технологии (ИКТ). Употребата на истите во последните години на ФЕИТ значително се зголеми, главно преку употреба на системот за подршка на учење е-курсеви и системот за евиденција на студенти iKnow. Порталот е-курсеви ги оправда очекувањата и треба да се зголемува неговата употреба. Покрај поставување на слајдови, белешки од предавања, упатства за лабораториски вежби, домашни работи, резултати од испити, истиот треба да се надополнува со квизови, тестови, голем број демоа и интерактивни содржини, интензивна комуникација на форуми што во голема мера ќе го олесни совладувањето на битните концепти од страна на студентите.

Евидентно е дека информациско комуникациската опрема сè повеќе ќе се вклучува во образовниот процес. Во таа насока, како една од водечките институции во областа на електротехниката и информациските технологии, мора да ги следиме новите трендови и да ја користиме оваа опрема во наставата: проектори, паметни табли, демоа, експерименти на далечина и слично. Треба да го зголемиме бројот на материјали за поддршка на електронско учење како и да воведеме online училници. За таа цел ќе обезбедиме техничка помош и опрема за изведување на online настава.

Посебно внимание ќе посветиме на развојот на лаборатории на далечина. Мислам дека ова е значајно од неколку причини. Често се случува студентите од одредени причини да неможат да ги одработат вежбите во дадените термини, па се организираат дополнителни термини, што повлекува и дополнителни ресурси. Со помош на лабораториите на далечина може овие вежби да се изработуваат од дома. Со развојот на технологијата, понудата на алатките за развој на вакви лаборатории стана доста голема. Имајќи ги во предвид човечките ресурси со кој располага ФЕИТ мислам дека истите можеме да ги реализираме со сопствени сили и со помош на нашите студенти. Секако дека ќе се обидеме за развој на вакви лаборатории да обезбедиме средства во рамки на меѓународни проекти. Со развојот на овие лаборатории, очекувам двоен ефект: потврда на позицијата на Факултетот кака лидер во областа и зголемување на вештините и знаењата, но и задоволството на нашите студенти.

Службата за студентски прашања е една од најважните служби во комуникацијата со студентите. Со помош на студентите во ударните термини студентската служба успешно одговара на потребите на студентите. Во овој дел голема улога одигра и iKnow системот. Наша интенција ќе биде да правиме постојана надградба на овој систем за наши потреби со цел да ги олесниме, како за службата така и за студентите, сите процедури поврзани со стандардните барања, молби, потврди и уверенија. Студентите ќе можат да дојдат до одредени документи (уверенија, потврди) со доставување на соодветно барање преку интернет, а во студентската служба само физички да ги подигнат. Со тоа би го намалиле времето за завршување на административни работи, а ќе ја зголемиме ефикасноста на службите.

За подобрување на услугите ќе воведеме и систем за техничка поддршка, кој ќе обезбеди електронска поддршка на опфатот, обработка, следење и систематизација на барања за помош при разрешување на проблемите на кои ќе наидуваат студентите при употребата на студентските сервиси. При внесувањето на описот, системот автоматски ќе отвора т.н. тикет за проблемите и прашањата и истиот ќе биде проследен до одговорните лица, кои ќе одговораат на прашањата, а студентите ќе добијат известување за разрешувањето на нивниот проблем. Иститот систем ќе се користи и при запишување на семестар. Системот ќе креира автоматски тикет во моментот кога студентите електронски ќе запишат семестар и ќе прати порака до студентска служба со барање да се изврши проверка на електронски запишаниот семестар. Доколку е сè во ред студентите ќе добијат известување во кој термин да ги достават хартиените документи во студентската служба.

За поголема транспарентност во изведување на наставата, во новата апликација за евиденција на присуство на студентите на часови ќе се интегрира е-

распоред. Со внесување на содржините кои се предаваат согласно добиената акредитација сите студенти и вработени ќе имаат увид во материјата која е предавана. Студентите секогаш ќе бидат во тек со тоа што е предавано (доколку не биле на предавање од одредени причини), а вработените континуирано ќе имаат увид во предметните содржини што ќе овозможи избегнување на евентуалните преклопувања на материјата и постојано усовршување на предметните содржини.

Ќе дизајнираме и имплементираме веб базиран систем за работа на библиотеката. Истиот ќе биде поврзан со останатите студентски сервиси. Електронските картичките за евиденција на присуството на студентите и на вработените на часовите ќе се искористат во процесите на задолжување и раздолжување на книги. Со тоа ќе се зголеми ефикасноста на службата, а воедно ќе се олеснат административните процедури за студентите.

Ќе се имплементира систем кој ќе ги интегрира сите сервиси наменети за студентите. Со единечна најава преку централен автентикациски сервис студентите ќе имаат пристап до сите сервиси наменети за нив: е-курсеви, iKnow, молби, анкети, библиотека, е-распоред, лабораторија на далечина и сл.

Сегашнате веб страници на Факултетот функционираат со застарени верзии на софтвер. За дел од софтверот поддршката е прекината, и поради тоа неможе да се имплементираат нови видови на сервиси. На новонабавениот сервер ќе се инсталираат и употребуваат нови верзии на софтвер кои се побезбедни и ќе имаат поголеми можности за инсталирање на нови сервиси. Тоа значи дека и нашата главна веб страница ќе добие нов изглед, ќе биде едноставна за пребарување и користење од страна на студентите и вработените и прилагодлива на уредите од кои што ќе се пристапува.

Планираме да оствариме соработка со водечките ИКТ компании како што се Microsoft, Oracle, Cisco, VMWare, Juniper, Red Hat, SIEMENS. Тоа би ја отворило можноста за добивање на сертификати за користење на софтвер за потребите на образованието, обновување на компјутерите, обезбедување на дополнителна опрема, отворање на центри за тренинг за спроведување на сертифицирани обуки, пристап до cloud сервисите кои ги нудаат компаниите со кои ќе имаме склучено договор за соработка.

Со цел да ја зголемиме ефикасноста при работењето на вработените ќе дефинираме и имплементираме систем за управување со документи (документ менаџмент систем). Системот за управување на документи ќе опфаќа додавање, пребарување и колаборација врз документи. Управувањето со документи и папки ќе биде слично како датотечниот систем на хард диск, а интерфејсот ќе биде многу сличен на dropbox. Но, тој ќе нуди многу повеќе кога станува збор за дополнителни мета податоци како авторот, клучни зборови, опис, и произволни атрибути.

Во периодот кој следи посебно внимание ќе посветиме за воведување на електронски систем за работа на службите. Акцент ќе биде ставен на архивското работење, сметководство, основни средства и кадровска евиденција. Со сите овие активности сакаме да постигнеме комплетно електронско и онлине работење на Факултетот.

Ова се само дел од проектите кои планираме да ги имплементираме со употреба на ИКТ со цел да ги подобриме услугите кои ги нудиме. Ќе ја подржиме

секоја идеја која ќе води до подобрување на нашите услуги. Истата ќе биде преточена во проект во кој главни имплементатори ќе бидат студентите под раководство на професорите, на вработените во ФЛАОП и на координаторот за апликации.

## 8. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Кадровскиот потенцијал и неговото континуирано обновување и усовршување претставува основен двигател за остварување на целите на ФЕИТ. Кадровската политика на ФЕИТ е од големо значење за успешно остварување, пред сѐ, на наставно-образовниот процес и на научно-истражувачката дејност. Веќе споменав дека постои недостиг на кадар, што негативно се одразува не само на наставниот процес туку и на научно истражувачката работа. Континуирано ќе вложуваме напори за решавање на проблемот со соработничкиот, техничкиот и административниот кадар, и ова прашање ќе го наметнуваме на државно ниво. Во исто време, ќе сториме сѐ да го задржиме високото ниво на работа во сите дејности.

Недостатокот на асистенти, особено во првите години на студии, ќе го решаваме со ангажирање на “демонстратори студенти“. Најдобрите студенти ќе бидат вклучени во образовниот процес, и тоа не само за држење лабораториски вежби туку и како поддршка на помладите колеги со дополнителни часови и консултации. Очекувам ефектот да биде позитивен за сите. Студентите ќе добијат можност за побрз одговор на нивните прашања и полесно совладување на изучуваната материја. Истите ќе бидат во центарот на наставниот процес, кој на овој начин ќе биде ефикасен и флексибилен, ќе стекнат внимание и впечаток дека се води грижа за нивното образование. Демонстраторите ќе добијат можност да ги усовршуваат своите знаења, да ги развијат своите комуникациските вештини, како и другите вештини битни за нивниот понатамошен професионален развој. Конечно добиваат и нови референци во својата биографија. И секако најдобрите од нив, по сите основи, ќе имаат предност при евентуално ангажирање на новите асистенти.

Технички соработници ни се потребни за зголемување на искористеноста на лабораторите, каде студентите ќе можат да се здобијат со поголемо искуство за практична работа како и за поефикасно организирање на лабораторските вежби. Техничките соработници ќе придонесат и за подобро организирање и изведување и на апликативната дејност. Доколку не успееме да добиеме согласност за вработување на технички соработници ќе се обидеме да го решиме овој проблем со сопствени сили.

За успешно следење на квалитетот на сите три дејности на Факултетот како и за административна поддршка за развој на апликации кои во голема мера ќе ја олеснат работата на студентите и вработените, неопходни ни се дополнителни човечки ресурси. Во почеток планираме да ангажираме барем едно лице кое би ги координирало овие активности, а голема помош очекуваме и од студентите вклучени во програмата Волонтери на ФЕИТ.

Ќе ги поддржуваме научните престои и размената на кадарот, овозможувајќи на тој начин не само индивидуална поединечна надградба туку и можност за пренесување знаења и искуства од сродни институции, како во наставата така и во научно-истражувачката работа.

Зголемената ангажираност на вработените во тековните активности на Факултетот ќе биде стимулирана и соодветно наградувана. Се предвидуваат промени во “Одлуката за плати“, со што би се стимулирало зголеменото анагажирање на вработените.

## 9. ПРОСТОР И ОПРЕМА

Работниот простор кој го користи Факултетот не е доволен за нормално изведување на секојдневните активности, пред сè во делот на наставата, што негативно влијае и на организацијата на наставата. Речиси сите училници се ангажирани во текот на целиот ден. Во голем дел од лабораториите се изведува настава, со што се ограничува можноста на студентите да поминуваат повеќе време во лабораториите работејќи на студентски проекти. Сепак, во овој мандантен период не би влегувале во поголеми инвестиции, поготово ако се има во предвид дека за две до три години колегите од ФИНКИ ќе ги ослободат просториите што ги користат на Факултетот, со што ќе се створат оптимални услови за работа. Шестте училници кои ги користат сега сосема ќе ги задоволат нашите потреби за предавални, а со тоа ќе се ослободат лабораториите за практична настава. Доколку се појави потреба за простор за сместување на нова лабораториска опрема ќе го преуредиме просторот на лабораторијата за електротермија и евентуално ќе подигнеме спрат над истата за сместување на стартап и спиноф компании.

И покрај значително подобрување на условите во последните неколку години сепак сум на мислење дека недостасуваат современи лаборатории што е од голема важност за студии од нашата област. Затоа мора да продолжиме со вложување на средства во модернизација на постоечките лаборатории и предавални, како и во набавка на лиценциран софтвер. Бидејќи и во овој дел помошта од државата е сведена на минимум, ќе треба да ги искористиме и Европските предпристапни фондови кои се на располагање за набавка на опрема. Бројот на компјутерски училници е задоволителен, со голем број на работни места. Но, од друга страна оваaа опрема брзо застарува и ќе мора редовно да ја обновуваме, на секои 3-4 години, односно мимимум една училница годишно. За поголема стабилност на интернетот на Факултетот ќе се прави континуирана надградба и осовремување на локалната мрежа, а ќе се обезбеди и дополнителна комерцијална конекција.

Бидејќи персоналните компјутери  се основно средство за работа на нашиот факултет, посебно во услови кога сакаме да воведеме е-учење, потребно е да обезбедиме персонални компјутери и за наставниот кадар. Имајќи ја во предвид финасиската ситуација во која се наоѓа Факултетот, ќе воведеме пракса за одредена финансиска поддршка за наставниот кадар за набавка на персонални компјутери. Планираме секоја година да набавуваме  персонални компјутери за околу 25% од наставниот кадар.

По реконструкцијата на фасадата на главната зграда во енергетска фасада ќе продолжиме понатаму со политика за заштеда на енергија. Направени се првични анализи за потрошувачката на електрична енергија. Ќе се почне со имплементација на дел од мерките (замена на сијалици, автоматска контрола на потрошувачи, коплетна поправка на системот за парно греење, итн). Секако, во овој дел главните

активности ќе ги изведуваат студентите во рамките на проекти по соодветни предмети. Се надевам дека многу брзо ќе ги дефинираме сите процедури и постапки кои се потребни за подобрување на енергетската ефикасност, а со тоа и да го воведеме системот за управување со енергија согласно стандардот ISO 50001:2011. Систематското управување на енергијата ќе придонесе за намалување на трошоците за енергија, но и за зголемување на имиџот и угледот на Факултетот.

Канцеларискиот простор со кој располагаат стручните служби не е адекватен за бројот на вработените и услугите што ги пружаат. Ќе превземеме одредени мерки за оптимизација на просторот, но и за обезбедување на дополнителен работен простор, со што би се добиле поефикасни услуги за вработените и за студентите.

## 10. ЗАКЛУЧОК

Традицијата и долгогодишното искуство, заедно со нашата различност, нудат можности за висококвалитетно образование, услуги за општеството и научно-истражувачка работа. При тоа главен фокус ќе биде ставен на развојот на научноистражувачката работа, со цел зацврстување на високото место во државата и поголема меѓународна препознатливост.

Да се биде Декан на институција како што е ФЕИТ е голема чест, но уште поголема одговорност. Верувам дека имам доволно искуство да можам реално да ги согледам и проценам потенцијалите на Факултетот и дека имам доволно способности и знаење заедно со тимот на соработници да осигураме мирен и стабилен развој на Факултетот во периодот кој следи. Со оглед на фактот дека на институции како што се факултетите Деканот е само прв меѓу еднаквите и дека главно ја координира работа на вработените и студентите, за остварување на предложената програма ќе биде потребно активно учество на сите вработени. Програмата е јавен и отворен документ кој може и мора континуирано да се подобрува со цел да доведе до уште поголем развој, кој пак ќе доведе до меѓународно препознатлив и финансиски стабилен факултет. Факултет кој е интелектуална средина за личен и професионален развој на студентите и вработените.